Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и точка 6-а од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 65-ѓ став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21), а во врска со член 16 став 1 точка 6 и член 17 став 1 точка 1 од Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки

**(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/25 )**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Во Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/24), во точката 13 ставот 2 се менува и гласи:

„Во периодот од 1 април 2025 година до 31 октомври 2025 година, банката е должна да ја одржува стапката којашто била должна да ја достигне до 31 март 2025 година.“

Ставовите 3 и 4 се бришат.

По точката 13 се додава нова точка 13-а којашто гласи:

„На денот на почнувањето со примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 88/21 и 102/22).“

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О.бр.02-6662/5
27.02.2025 година
Скопје

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**